AVON sun+

Сонце

- добро или лошо?

Сонцето е неопходно за живот!

Сите ние сме подобро расположени кога времето е сончево. Тоа е така затоа што сончевите зраци го подигнуваат нивото на серотонин - хормонот одговорен за доброто расположение. Тоа е исто така одговорно за синтезата на Витаминот Д кој штити, меѓу другото, од рахитис и остеопороза. Дали знаете дека за 30 минути изложување на сонце кожата произведува толку Витамин Д колку што може да се најде во 200 чаши млеко? Сонцето исто така и не разубавува. Кој не сонува за прекрасен златен тен?

Сонцето не е секогаш безбедно.

Неправилното сончање и некористењето соодветна заштита е опасно. Може да предизвика горење на кожата, алергија, слабеење на имунолошкиот систем, дури и меланом. И уште повеќе, интензивното сончање го забрзува стареењето на кожата

Запомнете дека сонцето може да ни биде пријател доколку уживаме во него разумно

Како делуваат сончевите зраци?

За да знаете како соодветно да ја заштитите кожата од сончевите зраци, добро е да знаете како тие делуваат

УВА зраци

Овие зраци продираат до хиподермата оштетувајќи ги колагенските и еластински влакна.
Не ги чувствуваме на кожата но оштетувањата кои ги прават се непоправливи. Тие исто така и се одговорни за предвременото стареење на кожата

УВБ зраци

Тие делуваат само на површината на кожата, напаѓајќи ја епидермата. Може да предизвикаат еритема и изгореници. Дерматолозите предупредуваат дека после многу изгореници од сонце кожата може да стане подложна на формирање меланом Затоа за да и обезбедите ефикасна заштита на кожата неопходно е да ја заштитите и од УВА и од УВБ зраци



СЛОЕВИ НА КОЖАТА

Кои филтри штитат од УВА и УВБ зраците?

ПА факторот

го дефинира нивото на заштита од УВА зраците. За најдобра заштита од овој тип на зраци одберете ПА +++

СПФ факторот

го дефинира нивото на заштита од УВБ зраците. Ја одредува релацијата помеѓу времето кое може да се помине на сонце со користење на производот и времето кое може да се помине без користење на заштита

Пример:
доколку може да поминете 15 минути на сонце без заштита и без да изгорите и нанесете крем со заштитен фактор 6, тогаш може да поминете 6 пати подолго на сонце - значи час и половина

Avon Cosmetics Polska Sp. z o.o., ul. Słowicza 32, 02-170 Warszawa, Tel. (0-22) 878 28 00, Fax

Патрицијa Бабис,
сениор менаџер на Avon Sun+ брендот, ви претставува

10 правила за здраво сончање

1 Избегнете го изложувањето на сонце помеѓу 11 и 15 часот кога зрачењето е најинтензивно. Носете очила за сонце и шапка

2 Нанесете производи со заштитен фактор 15-30 минути пред изложување на сонце за вашата кожа да се подготви и соодветно да се заштити

3 Важно е да нанесете соодветна количина од производот со заштитен фактор: користете количина од 6 кафени лажички за тело, за возрасни со просечна тежина.

4 Нежните делови на телото како - областа околу очите, носот, ушите, вратот, но и колената и врвовите на стапалата горат поинтензивно и затоа им е потребна дополнителна заштита

5 Сончајте се постепено! За време на првите денови на сончањето користете посилен заштитен фактор и не престојувајте долго на сонце. По одредено време продолжете го престојувањето на сонце и користете малку послаб фактор на заштита

6 Не заборавајте да нанесете заштита на потешко достапните места - помеѓу рамената, под колената и сл.

7 Нанесувајте повторно на секои 2 - 3 часа бидејќи сонцето ги оштетува молекулите на производот

8 Запомнете дека водата, песокот и снегот ги рефлектираат сончевите зраци зголемувајќи ја опасноста од изгореници. Исто така: 90% од УВ зрачењето пробива и низ облаците, 50% од зрачењето може да стигне до нас дури и кога сме под сенка

9 Исончаниот тен не ве заштитува од изгореници, затоа не престанувајте со користење на фактор доколку веќе сте исончани

10 Не заборавајте дека на чувствителната детска кожа и е потребна специјална заштита. Дури, бебињата и децата до 3 години не треба воопшто да се изложуваат директно на сонце.

Avon Cosmetics Polska Sp. z o.o., ul. Słowicza 32 02-170 Warszawa, Tel. (0-22) 878 28 00, Fax

ПРЕКРАСЕН НОВ НАЧИН ЗА ДА ЈА ЗАШТИТИТЕ КОЖАТА ОД СОНЦЕТО:
со иновативните производи Avon SUN+

AVON sun+

- + со уникатен **Derma-UV Plus™** комплекс кој интензивно штити од УВА и УВБ зраци
- + лесни и удобни формули
- + богати со витамини кои ја потхрануваат кожата

Одберете Avon Sun+ производ соодветен за вашиот фототип на кожа

Тип 1
- многу светол тен, секогаш со пеги, сини очи, црвена или цветло руса коса. Не темнее, лесно гори.

Тип 2
- светла кожа, понекогаш со пеги, сини или зелени очи, руса коса. Темнее бавно (црвенее на почеток на сончањето), подложна на горење.

Тип 3
- темен тен, темни очи и коса. Брзо потемнува и ретко гори.

Тип 4
- детска кожа: светла, тенка и нежна кожа, исклучително подложна на горење, бара специјална заштита.

Тен на кожа	умерена климатска зона		медитеранска климатска зона	
	првите денови	во поодминатите денови	првите денови	во поодминатите денови
тип 1	СПФ 25/СПФ 20	СПФ 15	СПФ 50/СПФ 30	СПФ 20
тип 2	СПФ 20/СПФ 15	СПФ 10	СПФ 25/СПФ 20	СПФ 15
тип 3	СПФ 15/СПФ 10	СПФ 6	СПФ 20/СПФ 15	СПФ 10
тип 4	СПФ 50/СПФ 30	СПФ 30	СПФ 50	СПФ 30

AVON sun+

Сакате
ваков исончан и здрав тен



Што да одберете: лосион, крем, масло или спреј?

Лосионите и кремовите ја штитат кожата исто толку ефикасно колку и маслата и спрејовите доколку го одберете вистинскиот заштитен фактор. Одберете спреј доколку сакате едноставно нанесување, лосион или крем доколку сакате истовремено и хидратација на кожата и гел – доколку сакате транспарентни формули кои брзо се сушат.

Може ли да го користам кремот од минатата сезона?

Запомнете дека филтрите оксидираат и го губат заштитното својство со тек на времето. Затоа не ги користете производите кои не сте ги потрошиле минатата година

Avon Cosmetics Polska Sp. z o.o., ul. Słowicza 32, 02-170 Warszawa, Tel. (0-22) 878 28 00, Fax

ПРОИЗВОДИТЕ СО ПОНИСКИ ФАКТОРИ НА ЗАШТИТА СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ЛУЃЕТО СО ПОТЕМЕН ТЕН.

Може да ги користат и оние со посветол тен во поодминатите фази од сончањето кога кожата е навикната на сончевите зраци

УМЕРЕНА ЗАШТИТА

Хидрантен крем за сончање за чувствителна кожа

- лесен лосион со благ цветен мирис кој брзо се впива во кожата
- содржи екстракти од камилица и алое познати по своите ублажувачки и смирувачки својства
- ефикасна хидрантна формула која го спречува сушењето на кожата одржувајќи ја мека и еластична
- отпорен на вода и потење
- соодветен за чувствителна кожа

Безбоен спреј за сончање кој брзо се суши

- безбоен, нелеплив спреј кој брзо се суши и бара минимално триење во кожата и лесно може да се нанесе на потешко достапните места како што е грбот
- со антиоксидантен витамин Е, хидрантен пантенол и ублажувачки екстракт од алое
- го спречува сушењето и лупењето на кожата правејќи ја кожата помека и поеластична
- отпорен на вода и потење

Хидрантен спреј за сончање за чувствителна кожа

- лесен лосион, едноставен за нанесување со лесен цветен мирис
- содржи ботанички комплекс – мешавина од лупин, бадем, пченични никулци и екстракт од ленено семе, кој ублажува и има антиоксидантно и антивоспалително дејство
- обезбедува 8 часовна хидратација и ја штити кожата од сушење лупење и оштетување
- водоотпорен
- соодветен за чувствителна кожа

ОСНОВНА ЗАШТИТА

Маслен спреј за сончање

- безбојно масло во спреј кое не остава масни траги, со лесен егзотичен мирис
- содржи кокос и шеа путер како и масла од тропска палма и кокос познати по хидрантните својства
- ја мазни кожата правејќи ја влажна и свиленикава
- водоотпорен

Безбоен гел за чувствителна кожа

- безбоен немрсен гел кој брзо се впива и не остава бели траги на кожата
- со антиоксидантен витамин Е, хидрантен пантенол и ублажувачко алое
- ја хидратира и освежува кожата, правејќи ја мека и мазна
- водоотпорен
- соодветен за чувствителна кожа

ОСНОВНА И УМЕРЕНА ЗАШТИТА

AVON sun+

Го сакате

чувството на комплетна безбедност

Дали да користам хидрантен крем покрај заштитниот крем?

Нема потреба од тоа, затоа што модерните заштитни кремови не само што ја штитат кожата од сончевите зраци туку и ја негуваат. Богати со витамини, ја хидратираат кожата и ја штитат од слободните радикали

Оштетувањата може да бидат невидливи!

Доколку вашата кожа не гори, не значи дека не ја оштетувате. Не заборавајте дека оштетувањата од УВА зраците стануваат видливи по неколку години затоа незаштитеното изложување на сонце е опасно за вашата кожа

Avon Cosmetics Polska Sp. z o.o., ul. Słowicza 32, 02-170 Warszawa, Tel. (0-22) 878 28 00, Fax

ПРОИЗВОДИТЕ СО ВИСОК ЗАШТИТЕН ФАКТОР СЕ НЕОПХОДНИ ЗА ОНИЕ СО СВЕТОЛ ТЕН И СО ЧУВСТВИТЕЛНА КОЖА.

Покрај ефективната заштита од УВБ зраците, Avon SUN+ производите обезбедуваат највисоко ниво на заштита и од УВА зраците

Хидрантен крем за сончање за чувствителна кожа

- благ и нежен, немрсен лосион без мирис
- со антиоксидантен витамин Е, хидрантен пантенол и ублажувачки екстракт од алое
- обезбедува силна заштита правејќи ја кожата помека и поеластична
- отпорен на вода и потење
- соодветен за чувствителна кожа

Матирачки крем за лице и Стик за заштита од сонце

- практична двојна формула:
- лосион за лице со заштитен фактор 20 кој ја штити ккожата и го намалува сјајот дури до 7 часа
- стик со заштитен фактор 30 кој ги штити најосетливите делови од сонцето како што се усните, носот и ушите
- содржи хидрантен и мултивитаминski комплекс, екстракти од алое и камилица и матирачки состојки
- отпорен на вода и потење
- соодветен за чувствителна кожа

Крем против стареење на лицето за чувствителна кожа

- бел крем со лесен мирис кој делува како лесен дневен лосион
- содржи ботанички комплекс – мешавина од лупин, бадем, пченични никулци и екстракт од ленено семе, кој ублажува и има антиоксидантно и антивоспалително дејство
- ја измазнува кожата намалувајќи ги тенките брчки
- соодветен за чувствителна кожа

Минерален крем за сончање за чувствителна кожа

- благ и нежен крем без мирис кој лесно се впива во кожата
- со филтер на база на минерали кој ги распрскува и одбива УВ зраците од кожата
- ја прави кожата помека и помазна
- соодветен за чувствителна и кожа чувствителна на сонце
- отпорен на вода и потење

СИЛНА ЗАШТИТА

AVON sun+

1 Научете ги на добри навики!

Добро е да ги научите децата да користат заштита од сонце. Благодарение на мирисливите разнобојни формули користењето на производите за заштита од сонце може да биде вистинска забава за вашето дете. Не заборавајте дека кожата „го памети" секој сончев зрак и дека две горења на кожата може да го зголемат ризикот за појава на меланом во иднина дури за десет пати!

2 Колку често да го обновувам нанесувањето на заштитен крем на моето дете?

Нанесете заштитен производ на детската кожа 30 минути пред изложување на сонце и обновувајте го по секое капење и бришњење со пешкир или на секои 2 часа. Дополнително облечете му на вашето дете лесна облека, шапка и очила за сонце

Avon Cosmetics Polska Sp. z o.o., ul. Słowicza 32, 02-170 Warszawa, Tel. (0-22) 878 28 00, Fax

Сакате

да сте сигурни дека нивната кожа е заштитена

НЕЖНАТА ДЕТСКА КОЖА Е МНОГУ ЧУВСТВИТЕЛНА НА СОНЧЕВИТЕ ЗРАЦИ.

Затоа и е потребна специјална заштита. Одберете производи создадени специјално за децата - со нежни формули и високи затитни фактори

Мултивитамински водоотпорен крем за сончање

- немрсна кремаста формула со лесен мирис на гума за џвакање
- содржи мултивитамински комплекс, хидрантен пантенол и екстракт од ублажувачко алое
- обезбедува силна заштита за чувствителната детска кожа и целодневна хидратација
- отпорен на вода и потење
- соодветен за чувствителна кожа

Детски тиркизен водоотпорен спреј за сончање

- лесен и едноставен за нанесување – лосион во спреј со тиркизна боја која ќе им се допадне на вашите деца
- содржи пантенол познат како природен хидратант како и екстракти од алое и камилица познати по своите ублажувачки својства
- ја хидратира и омекнува кожата
- отпорен на вода и потење
- соодветен за чувствителна кожа

Детски тиркизен водоотпорен рол - он за сончање

- лесен лосион во омилената детска боја – тиркизна; со интересен рол – он апликатор, кој едноставно може да го користат и самите дечиња
- содржи пантенол познат како природен хидратант како и екстракти од алое и камилица познати по своите ублажувачки својства
- ја хидратира и омекнува кожата
- отпорен на вода и потење
- соодветен за чувствителна кожа

Детски крем за сончање со мирис на лубеница

- лесна кремаста формула која лесно се нанесува
- со лесен мирис на лубеница
- содржи пантенол познат како природен хидратант, екстракти од алое и камилица познати по своите ублажувачки својства и витамин Е
- хидратира, го спречува сушењето на кожата, ја омекнува и мазни кожата
- отпорен на вода и потење
- соодветен за чувствителна кожа

СИЛНА ЗАШТИТА ЗА ДЕЦА

AVON sun+

Го сакате

златниот тен на кожата



Кога се користат производите за истакнување на тенот?

Производите за истакнување на тенот треба да се користат пред изложување на сонце, пожелно под производите со заштитен фактор. За постигнување најдобар резултат добро е да ги нанесете и по сончањето

Јадете моркови!

Што друго може да направите за да го подобрите тенот на кожата? Јадете моркови. Морковите содржат многу скапоцени состојки, а пред се тие се најголем извор на бета каротен кој ја подготвува кожата за сончање и и дава светло кафен тен како да е исончана. Затоа е добро редовно да јадете моркови - и за здравје и за убавина!

Солариум или самопотемнувач?

Солариумот е штетен. Дозата на УВА зраците во многу лампи кои се користат во солариумите е повисока од онаа во сончевата светлина. Вештачкото темнеење може да го забрза стареењето на кожата и да го зголеми ризикот од меланом. Затоа подобро е да одберете побезбеден начин на потемнување - со самопотемнувач

ДОКОЛКУ САКАТЕ ДА ГО ИСТАКНЕТЕ ЗЛАТНИОТ ТЕН НА ВАШАТА КОЖА, НАБАВЕТЕ ПРОИЗВОДИ ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА ТЕНОТ.

ЗА ДА ПОСТИГНЕТЕ ЕФЕКТ НА НЕЖЕН ТЕН БЕЗ СОНЧАЊЕ ОДБЕРЕТЕ САМОПОТЕМНУВАЧ.

САМОПОТЕМНУВАЧ

Хидрантен лосион за самопотемнување за светол до среден тен

- прозирен гел - лосион во светла/средна нијанса со пријатен цветен мирис, во немрсна формула која брзо се впива во кожата
- збогатени со витамини А и Е, комплекс од тропски масла, пантенол, алое и глицерин
- по 1 нанесување дава природен тен кој трае до 5 дена, ја омекнува кожата, ја мазни и хидратира
- соодветен за сите типови кожа

ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА ТЕНОТ

Маслен спреј за истакнување на тенот

- немрсно масло во спреј со тропски мирис и практичен апликатор со пумпичка
- содржи витамини, алое, путер од кокос и шеа, масла од палма и кокос и масло од семе од сончоглед кои ја зајакнуваат липидната бариера на кожата
- ја омекнува, измазнува и хидратира кожата и го спречува
- го олеснува потемнувањето и ги намалува можностите за горење на кожата

Хидрантен лосион за пред сончање со бета каротен

- сјаен портокалов лосион со тропски мирис и немрсна формула која брзо се суши
- содржи бета каротен кој и дава светло златен тен на кожаsa како и Л-аргинин познат по својството да го зголемат биолошкиот процес на потемнување
- ја хидратира и измазнува кожата

ТЕН БЕЗ СОНЧАЊЕ И ИСТАКНУВАЊЕ НА ТЕНОТ

Avon Cosmetics Polska Sp. z o.o., ul. Słowicza 32, 02-170 Warszawa, Tel. (0-22) 878 28 00, Fax

AVON sun+

Го сакате

ублажувањето на кожата после сончањето

Што е разликата помеѓу лосион за после сончање и нормален лосион?

По сончањето на кожата и е потребно не само хидратирање туку и ублажување, освежување и регенерирање. Производите за после сончање ефикасно ја регенерираат иритираната кожа, а некои од нив го имаат и најпосакуваниот ефект во топлите денови - разладувачкиот.

Што е пантенол?

Многу производи за после сончање содржат пантенол и про-витамин Б5 кој продира во најдлабоките слоеви на кожата за да ја хидратира, регенерира и измазни. Ја омекнува кожата, ја прави еластична и ги ублажува иритациите.

ДУРИ И ДОБРО ЗАШТИТЕНАТА КОЖА МОЖЕ ДА БИДЕ ИРИТИРАНА ИЛИ ЗАЦРВЕНЕТА ПОСЛЕ СОНЧАЊЕТО.

Затоа после сончањето потребно е да нанесете специјален производ кој ќе ја регенерира кожата

Разладувачки лосион - спреј за после сончање со витамин Ц

- лесна формула во спреј – едноставна за употреба
- содржи витамин Ц познат по своите зајакнувачки и антивоспалителни својства, антиоксидантен витамин Е и хидрантен пантенол
- ја разладува, освежува, хидратира и ја измазнува кожата, спречувајќи го лупењето и одржувајќи го исончаниот тен подолго време

Светкав лосион за истакнување на тенот

- златен лосион со златен и бакарен сјај
- содржи регенеративен витамин А, антиоксидантен витамин Е и хидрантен пантенол
- го истакнува природниот тен, хидратира и ја ублажува кожата давајќи и прекрасен златен сјај

Ублажувачки путер за после сончање

- богат и густ крем со тропски мирис кој се нанесува мазно и рамномерно
- содржи мултивитамински комплекс и комплекс за потхранување на кожата со шеа путер и путер од кокос, пантенол и алое
- значително ја ублажува грубата и сува кожа, обезбедува 24 часовна хидратација, ја омекнува кожата, ја мазни и потхранува

Крем за после сончање со пантенол

- ултра лесен крем кој лесно се впива
- богат со хидрантен пантенол, ублажувачко алое и Витамин Е кој штити од слободните радикали
- веднаш ја смирува кожата, ја омекнува и ја хидратира

УБЛАЖУВАЊЕ ЗА ИСОНЧАНАТА КОЖА

Одберете го вашиот AVON sun+ производ

	ПРОИЗВОД	за чувствителна кожа	хидратација	мазнење	со екстракт од алое	со витамини	водоотпорно	невидлива заштита
ОСНОВНА И УМЕРЕНА ЗАШТИТА	Маслен спреј за сончање		✓	✓		✓	✓	✓
	Безбоен гел за чувствителна кожа	✓	✓		✓	✓	✓	✓
	Хидрантен спреј за сончање за чувствителна кожа	✓	✓			✓	✓	
	Безбоен спреј за сончање кој **брзо се суши**		✓		✓	✓	✓	✓
	Хидрантен крем за сончање за чувствителна кожа	✓	✓		✓	✓	✓	
СИЛНА ЗАШТИТА	Матирачки крем за лице и **Стик** за заштита од сонце	✓	✓		✓	✓	✓	
	Крем против стареење на лицето за чувствителна кожа	✓	✓	✓	✓	✓		
	Минерален крем за сончање за чувствителна кожа	✓		✓		✓	✓	
	Хидрантен крем за сончање за чувствителна кожа	✓	✓		✓	✓	✓	
СИЛНА ЗАШТИТА ЗА ДЕЦА	Детски тиркизен водоотпорен спреј за сончање	✓	✓		✓	✓	✓	
	Детски тиркизен водоотпорен рол - он за сончање	✓	✓		✓	✓	✓	
	Детски крем за сончање со мирис на лубеница	✓	✓		✓	✓	✓	
	Мултивитамински водоотпорен крем за сончање	✓	✓		✓	✓	✓	
ТЕН БЕЗ СОНЧАЊЕ И ИСТАКНУВАЊЕ НА ТЕНОТ	Маслен спреј за истакнување на тенот		✓	✓	✓	✓	✓	
	Хидрантен лосион за пред сончање со бета каротен		✓		✓	✓	✓	
	Хидрантен лосион за самопотемнување за светол до среден тен		✓	✓	✓	✓		
УБЛАЖУВАЊЕ НА ИСОНЧАНАТА КОЖА	Ублажувачки путер за после сончање		✓	✓	✓	✓		
	Крем за после сончање со пантенол		✓	✓	✓	✓		
	Разладувачки лосион - спреј за после сончање со витамин Ц		✓		✓	✓		
	Светкав лосион за истакнување на тенот	✓	✓		✓	✓		

MK | 5 | 7 | 2 | 4 | 3

АВОН КОЗМЕТИКС ДООЕЛ. • Кукушка 8, 1000 Скопје, Македонија • Тел. 02 32 43 800 • Факс. 02 32 43 801 • Посетете ја нашата електронска брошура на • www.avoncosmetics.com.mk

Avon Cosmetics Polska Sp. z o.o., ul. Słowicza 32 02-170 Warszawa, Tel. (0-22) 878 28 00, Fax